ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ВКУПЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# СО СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИХОДИТЕ И

# РАСХОДИТЕ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА

# „ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА ПЛАСНИЦА 2020 ГОДИНА“

# И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА

# ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ (ДНЕТ)

01 2021 04 15

Скопје, август 2021 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 16 |
| Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања | 17 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај | |
| - Вовед | 18 - 20 |
| - Сметководствени политики | 20 - 23 |
| - Финансиски извештај за приходите и расходите | 23 - 24 |

Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај

Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија
ДНЕТ-Движење за национално единство на Турците
ДЗР – Државен завод за ревиизја
ДИК - Државната изборна комисија
ААВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ДКСК-Државна комисија за спречување на корупција
ЕДБ – Единствен даночен број
Финансиски извештај - вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 10-153/9
Дата: 24.08.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) – Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година за периодот од 21.11.2020 до 29.12.2020 година.

За финансискиот извештај на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) - Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

Со ревизијата констатирани се следните состојби:

- учесникот во изборната кампања има обезбедено ЕДБ од надлежниот орган, без назнака за “изборна кампања“;
- финансискиот извештај за изборната кампања како и извештајот со образец за примените донации на трансакциска сметка не се изготвени согласно законски пропишаните обрасци и
- учесникот во изборниот процес не води Регистар за донации за време на изборна кампања.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Во делот на Останати прашања, утврдивме системски слабости за кои е потребно дополнително уредување на Изборниот законик и тоа:

- потреба од преиспитување на член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија, како и допрецизирање на наведениот член во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства финансирани/донирани од физички и правни лица;
- да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии;
- законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, како и кога се прикажани повеќе расходи од приходи, односно неплатени обврски;
- пропишување на критериуми кои ќе се применуваат при распределба на средствата за платеното политичко рекламирање од Буџетот на РСМ и тоа помеѓу двете најголеми политички партии од позицијата, опозиција и партиите кои не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група или не се застапени во Собранието на РСМ;
- пропишување на обврска за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во РСМ и градот Скопје;
- да се преземат активности за доуредување на Изборниот законик во делот на определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали);
- уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи;
- да се преиспита утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања;
- доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските/ финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови/ извори на финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка;
- доуредување на Изборниот законик со што во делот на Казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за

рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа;
- номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување и
- Собранието на РСМ да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи со уставот и со правниот систем.

Надлежните институции потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на претседателот на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) доставен е Одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Одговорот е разгледан и оценето е дека упатената забелешката не се прифаќа, поради тоа што Овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот за извршената ревизија нема констатирано неправилности поврзани со истата.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 17 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) – Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година, кој се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 21.11.2020 до 29.12.2020 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за Ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ), за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година поради тоа што сметката е отворена за еден изборен процес.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) - Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година, застапувана од:

- Ердоган Сарач, овластено лице.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на учесникот во изборната кампања се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај земен како целина е ослободен од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е составен според применливата рамка за финансиско известување во РСМ.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.06.2021 до 18.06.2021 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице на учесникот во изборната кампања, одржан на ден 17.06.2021 година.
Од страна на претседателот на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) доставен е Одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-153/8 од 27.07.2021 година. Одговорот е разгледан и оценето е дека упатената забелешката не се прифаќа, поради тоа што Овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот за извршената ревизија нема констатирано неправилности поврзани со истата.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Политичката партија ДНЕТ – Изборна кампања за Предвремените локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година, заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања се упишала во Централен регистар на РСМ и има обезбедено ЕДБ од надлежниот орган, без назнака за “изборна кампања“ што не е во согласност со член 71 став 1 од Изборниот законик.
Со уписот на ДНЕТ за изборна кампања во Централниот регистар на РСМ, потребно е изготвување и користење на посебен печат со податоци за називот на правниот субјект.
Со извршениот увид во доставената документација поврзана со

спроведувањето на предвремените избори, ревизијата утврди дека во излезните документи изготвени од страна на ДНЕТ кои се однесуваат на изборната кампања (финансиски извештаи за приходи и расходи и примени донации) се користи печатот на политичката партија ДНЕТ од сметката за редовно работење кој претставува друг правен субјект. Наведените состојби создаваат ризик од замена на овие два субјекта во правниот промет односно правата и обврските од правниот субјект ДНЕТ кои се однесуваат на изборната кампања за предвремени локални избори да се пренесат на политичката партија за редовно работење Движење за национално единство на Турците-ДНЕТ.

Со извршениот увид во расположливата финансиска документација констатиравме дека средствата наменети за финансирање на изборната кампања се уплатувани на трансакциската сметка отворена за изборната кампања и сите трошоци за кампањата се покриени од средствата на истата сметка.

**Препорака:**

Надлежните органи на политичката партија за потребите на учество во наредни изборни процеси при обезбедувањето на ЕДБ од надлежниот орган задолжително да стои назнака „за изборна кампања“, како и да обезбедат и користат печат на учесникот во изборниот процес на документацијата поврзана со спроведувањето на изборите.

3.1.2. Вкупниот финансиски извештај предвиден во член 85 од Изборниот законик, како и Извештаите предвидени во член 84-б од Изборниот законик не се изготвени на пропишаниот образец од правилникот, односно истите се изработени на образец по стариот Правилник[1] од 2013 година кој не ги содржи прилозите на детален преглед на приходите и расходите, со Спецификација на трошоците.

Исто така обврска на учесникот во изборната кампања, согласно одредбите од Изборниот законик, за време на изборната кампања е да води регистар на донации на образец пропишан со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистар на донации за време на изборна кампања[2].

Констатиравме дека ДНЕТ нема воспоставено Регистар на донации, што не е во согласност со член 83-б од Изборниот законик.

Наведените состојби влијаат на транспарентно и реално известување за приходите и расходите за изборната кампања, согласно законски утврдениот начин.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 21/13
[2] „Службен весник на Република Македонија” број 30/09

Препорака:
Надлежните органи на политичката партија во иднина, при организирање на избори, изготвувањето на финансиските извештаи од спроведените избори да го вршат на начин предвиден во законската регулатива, како и за време на изборна кампања да водат регистар на донации.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 3.1. е не изготвен и не користен печат со назив на правниот субјект учесник во изборниот процес, неприменет пропишан образец за финансиски извештај и примени донации и не воспоставен Регистар за донации за време на изборната кампања.

## 4. Ревизорско мислење

Мислење за финансиски извештај

Според наше мислење, финансискиот извештај на сметката на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) - Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година го претставува вистинито и објективно во сите материјални аспекти резултатот на финансиските активности за периодот од 21.11.2020 до 29.12.2020 година, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на трошоците за приходите и расходите на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) – Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година за периодот од 21.11.2020 до 29.12.2020 година, во сите материјални аспекти е во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

### Финансирање на изборната кампања

5.1.1. Законот за финансирање на политичките партии[3] ги уредува изворите, приходите и расходите на политичките партии, како и начинот на кој се врши надзорот и контролата на нивното финансирање. Средствата за редовно работење на политичките партии се остваруваат од јавни извори за финансирање, со средства од Буџетот на РСМ и од приватни извори на финансирање: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.

Со донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии[4] во 2004 година, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии беа утврдени во висина од 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ, додека со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките парии[5] од 2018 година истите се зголемени на 0,15% од изворните приходи на Буџетот на РСМ. Поради епидемијата со COVID 19, во јуни 2020 година со Уредбата со Законска сила за финансирање на политичките партии[6], процентот од изворните приходи е намален на 0,04%, за да во декември 2020 со Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките парии[7], процентот за финансирање на политичките партии е утврден во висина од 0,105% од изворни приходи на Буџетот на РСМ.

Со извршените ревизии за период 2016-2020 година на сметките на политичките партии за редовно работење констатиравме дека ваквите законски измени значително влијаат врз структурата на приходите на политичките партии.

Со анализата на приходите по видови на извори на финансирање, утврдивме дека учеството на јавното финансирање од Буџетот на РСМ за редовното работење на политичките партии бележи тренд на зголемување, (во интервал од 30% до 70%) наспроти тренд на опаѓање на учеството на приватните извори на финансирање во вкупните приходи ( во интервал од 70% на 30%).

[3] „Службен весник на Република Македонија "број 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20
[4] „Службен весник на Република Македонија" број 76/04
[5] „Службен весник на Република Македонија" број 140/18
[6] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 166/20
[7] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20

Истакнуваме дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[8], во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната сметка на политичката партија со тоа што овој вид на финансирање на изборната кампања „нема да се применува за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2020 година[9]“. Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на РСМ за финансирање на редовното работење на политичките партии да се прелеваат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи, што ќе доведе до финансирање на изборната кампања со средства од Буџетот на РСМ во повисок износ од утврдениот во Буџетот на РСМ за секој поединечен изборен процес.

Ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирање на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија.

Исто така укажуваме дека уредувањето на изворите на финансирање на изборната кампања не даваат јасно разграничување од причина што средствата од членарина и средствата од донации на политичка партија исто така се средства од редовната сметка на политичката партија.

Имено, согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, донациите претставуваат приватни извори на финансирање на политичките партии, додека во член 16 од наведениот закон е уреден износот на поединечната донација и тоа:

- физички лица до висина од 30 просечни нето плати во Републиката и
- правни лица во висина од 60 просечни плати во Републиката,

исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика, кој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.02.2020 година, во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира и од:

- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност.

Ревизијата укажува дека во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија

[8] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20
[9] член 57 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик (Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20)

потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства.

5.1.2. Во член 75 став 5 од Изборниот законик е пропишано дека „*радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), како и нивните поврзани лица не смеат на било каков начин да финансираат или да даваат донации на политичките партии*“. Како поврзани лица се сметаат лицата дефинирани во членот 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Дефинираниот опфат на поврзани лица го отежнува нивното препознавање во случај кога истите ќе се јават како донатори во изборна кампања.

Поради наведеното ревизијата смета дека е потребно во Изборниот законик да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии.

5.1.3. Во член 85 став 5 од Изборниот законик уреден е начинот на постапување на група избирачи како учесници во изборна кампања, во случаи кога постои вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, за кои е предвидено да се подарат во добротворни цели.

Ревизијата смета дека постои потреба од законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани:

- вишок на собрани средства, кога како учесник во изборната кампања не се јавува само група на избирачи, туку и политичка партија или коалиција, со што ќе се обезбеди еднакво постапување за сите учесници во изборната кампања дефинирани во член 2 став 1 точка 14 од Изборниот законик и
- повеќе расходи од приходи, односно неплатени обврски, во насока на пропишување на одредба со која ќе се уреди дека учесникот во изборната кампања може да преземе обврски само во рамки на обезбедените средства, имајќи го притоа во предвид член 71, став 10 од Изборниот законик, во кој е уредено дека сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на сметката за изборна кампања.

5.1.4. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакнуваше потребата од пропишување на начинот на утврдување и висината на вкупните

средствата кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на РСМ за платеното политичко рекламирање, како и начинот и критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства по одделните учесници во изборната кампања.

Имено, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) со измената на член 76-д уреден е начинот на утврдување и висината на вкупните средствата кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на РСМ за платеното политичко рекламирање, кои не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Македонија.

Во однос на критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства по одделните учесници во изборната кампања, утврдена е распределба на вкупните средства и тоа:

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови, опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови, опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови и
- најмногу 10% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.

Истакнуваме дека со наведените измени и дополнувања на Изборниот законик, не се пропишани критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства помеѓу двете најголеми политички партии од позицијата, опозиција и партиите кои не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група или не се застапени во Собранието на РСМ, поради што ревизијата смета дека има потреба од доуредување на Изборниот законик во овој дел.

### Рекламни паноа и билборди

5.1.5. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната

кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакна состојбата со закупот на рекламни паноа и билборди, како платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања и потребата за изготвување и доставување на извештаи за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, од страна на правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Републиката и градот Скопје.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) извршено е дополнување на член 78-а, став 8, каде е уредено дека правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да поднесат извештај за доделените локации за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник како и средствата кои се наплатени, но не е пропишана наведената обврска и за општините во РСМ и градот Скопје да изготват и достават извештај за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, поради што отежнато е потврдувањето на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди.

За надминување на утврдената состојба односно за зголемување на транспарентноста на вкупното и поединечното политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на одредбите од Изборниот законик во делот на пропишување на обврската за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во РСМ и градот Скопје.

### Следење на медиумско претставување на учесниците во изборна кампања на електронските медиуми (интернет портали)

5.1.6. Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година извршено е менување на член 76-в со кој за електронските медиуми (интернет портали) наместо Агенцијата, ДИК добива надлежности во делот на следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали), како и покренување на прекршочни постапки против истите во случај на непостапување по законикот.

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година и февруари 2020 година, сите горенаведени активности кои треба да ги спроведува ДИК во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите.

Истакнуваме дека останата е законската обврска електронски медиуми (интернет портали) да се регистрираат во Регистарот на електронски медиуми (интернет портали) кои обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, кој го води ДИК, да доставуваат ценовници и Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

Наведената состојба упатува на потреба во Изборниот законик да се определи надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали).

Изборна кампања-интернет претставувањето

5.1.7. Во член 69-а од Изборниот законик е уредено е дека за изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

Истакнуваме дека за интернет претставувањето кое учесниците во изборната кампања го вршат преку социјалните мрежи не е уреден начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за овој вид на изборно претставување.

Рок за уплата на донации

5.1.8. Согласно член 71 став 6 од Изборниот законик, донациите за финансирање на изборната кампања можат да се уплатуваат на трансакциската сметка на учесниците во изборната кампања најдоцна до денот на затворањето на сметката односно 60 дена по објавувањето на конечните резултати, давајќи законска можност за уплата на донации и по објавувањето на конечноста на резултатите од изборната кампања.

Исто така Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања, кој учесникот во изборната кампања е должен согласно член 84-б став 3 од Изборниот законик да го достави до надлежните институции еден ден по завршување на изборната кампања, не ги содржи сите уплатените донации односно донациите за период од 60 дена и тоа од денот на објавувањето на конечните резултати до денот на затварање на сметката.

Имајќи ги предвид наведените состојбите ревизијата смета дека во Изборниот законик потребно е да се преиспита вака утврдениот краен рок за уплата на донации односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Финансиски извештаи**

5.1.9. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) извршено е дополнување на член 84-б со став 8, каде е уредено дека .....„*Финансиските извештаи на учесникот во изборната кампања е должен да ги изготви според одредбите на Законот за сметководството за непрофитните организации„....*

Истакнуваме дека во член 17 од Законот за сметководството за непрофитните организации е уредено дека непрофитните организации се должни да состават основни финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи.

Имајќи предвид дека во член 85 став 1 од Изборниот законик е уредено дека „*Учесникот во изборната кампања е должен ......... да поднесе Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„*, ревизија смета дека потребно е да се изврши доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерството за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските / финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови / извори на финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка.

Исто така во однос на именувањето на финансискиот извештај „Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„ потребно е во називот да се усогласи терминот „трошоци“ со Законот за сметководството на непрофитните организации.

**Казни и прекршочни одредби**

5.1.10. Во член 189-а од Изборниот законик предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот или печатениот медиум и глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност на одговорниот уредник, кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на

изборната кампања предвидено во член 85-а од Изборниот законик. Од причина што прекршочни казни се предвидени само за радиодифузери и печатени медиуми, а не и електронските медиуми (електронските портали) кои исто така имаат обврска за доставување на наведениот извештај, ревизијата е на мислење дека е потребно доуредување на Изборниот законик со што и електронските медиуми (електронските портали) ќе бидат опфатни во делот на Казни и прекршочни одредби.

**Други прашања**

5.1.11. Ревизијата укажува на потреба од номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување.

5.1.12. Правната рамка со која се уредува начинот, условите и постапката за избор на претседател на РСМ, за избор на пратеници во Собранието на РСМ, за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места, се темели на Изборниот законик.

Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија истиот е повеќе пати менуван и дополнуван и не постои пречистен текст.

Ревизијата смета дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи со уставот и со правниот систем.

Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ)
Предвремените локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година
Сметка 300120000150671

Финансиски извештај за приходи и расходи

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | | 21.11.2020 - 29.12.2020 |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| | | | |
| Приходи од донации и други приходи | 3.1.1. | | 25 |
| **Вкупно приходи** | | | **25** |
| | | | |
| **Расходи од донации и расходи од останати приходи** | | | |
| Издатоци за реклама и пропаганда | 3.2.1. | | 11 |
| Сметководствени и финансиски услуги | 3.2.2. | | 4 |
| Провизија за платниот промет | 3.2.3. | | 2 |
| Интелектуални услуги | 3.2.4. | | 8 |
| **Вкупно расходи** | | | **25** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

Türk Milli Birlik Hareketi
Движење за Национално Единство на Турците

До

М-р Максим АЦЕВСКИ

Главен Државен Ревизор

ДЗР

С К О П Ј Е

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / Pranuar më: 29.07.2021
Орг. Един. / Nj. org | Број / Nr. 10-153/8 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera

Предмет: Одговор на Нацрт Извештај
Ваш број: 10-153/7 од 13.07.2021 год.
Наш број: 148/ЕС/21

Почитуван г-дин м-р Ацевски

Го примивме доставениот Нацрт извештај од ваша страна и во дозволениот рок со овој допис ве известуваме за нашите забелешки на извештајот. На почетокот одма да ве известам дека сме крајно благодарни за коректноста на екипата која изврши ревизија на горе споменатиот материјал во нашите службени простории. Исто така ве известуваме дека препораките од ревизорскиот тим максимално ќе бидат реализирани од наша страна и тие претставуваат многу важен совет во нашите понатамошни активности, имајќи го во вид и неискуството на овластените книговодители во изработка на потребните извештаи за политичките партии. Извештајот е сосема коректен и вашите забелешки на законските решенија ќе се обидеме да ги измениме и прилагодиме во соработка со наши пријатели-пратеници и лично преку нашиот ангажман.

Сега дозволета да ве известиме за една наша забелешка со која не се согласуваме. Имено долу ви испраќаме материјали со кои потврдуваме дека како ДНЕТ согласно на Роковникот и упатството на ДИК сме отвориле жиро сметка**„за изборна кампања„** за предметот за кој станува збор:

- Изјава на ДНЕТ дека има намера да учествува на изборите за избор на градоначалник за„Предвремени избори за градоначалник на општина Пласница 2020 година„ (26.10.2020)
- Образец заверен потпис-ЗП од 28.10.2020 година за застапување,
- Потврда од Основен Граѓански Суд Скопје за учество на „Предвремени локални избори 2020 година„ од 27.10.2020 година,
- Пријава за упис на основање на субјект... до Централен Регистар,
- Барање за отварање на трансакциска сметка за „Предвремени локални избори за Пласница 2020„ до Комерцијална Банка а.д. Скопје од 27.10.2020 година,
- Барање за отварање на трансакциска сметка од наша страна до Комерцијална Банка а.д, Скопје и потврда дека барањето е примено од 27.10.2020 година,
- Потврда од Комерцијална Банка дека е затворена жиро сметка за „Предвремени локални избори 2020 година„ од 05.01.2021,
- Пријава за упис за бришење на субјектите... Централен Регистар од 24.12.2020 година,

Adres:Sok: Çede Filiposki Dame no:96 1230 Gostivar
www.tmbh.org.mk https://twitter.com/TurkMBHareketi https://www.instagram/TurkMBHareketi
Tel/Fax: 042 221 303
tmbh-2006@t.mk

- Одлука на ДНЕТ за бришење на наменската сметка за Предвремени Локални избори за општина Пласница доставено до Централен Регистар од 24.12.2020.

Со надеж дека правилно ќе бидеме разбрани однапред ви се заблагодарувам на разбирањето и соработката.

Со почит

23.07.2021
Гостивар

Ердоган САРАЧ
Претседател

Движење за национално единство на Турците
Türk Milli Birlik Hareketi
Gostivar
Гостивар

До ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

***Образец***
***за обезбедување на ЕДБ***

*Врз основа на член 71 од Изборниот законик* **Движење за Национално Единство на Турците** ја дава следната : (политичка партија,коалиција група избирачи)

# И З Ј А В А

**Движењето за Национално Единство на Турците** изјавува дека има намера да учествува на
(политичка партија, коалиција,група избирачи)

изборите за избор на _градоначалник за „Предвремените избори за градоначалник на општина Пласница 2020 година
(вид на избори)
кои ќе се одржат на 13.12.2020 година, во кои ќе настапува со свој кандидат за градоначалник на општина Пласница.

Изјавата ќе послужи за обезбедување на ЕДБ (Единствен даночен број) и отварање на трансакциска сметка со назнака **„Изборна кампања за Предвремените избори за Градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип 2020 година“**, во која ќе се уплатуваат средствата наменети за финансирање на изборната кампања и покривање на трошоци направени исклучиво за изборната кампања.

**Во** Гостивар
**На ден 26.10.2020 година**

**И З Ј А В И Л**
**Ердоган САРАЧ**
Претседател

Движење за национално единство на Турците Türk Milli Birlik Hareketi Gostivar Гостивар

Јас, НОТАР ПРПАРИМ РЕЏЕПИ
за подрачјето на Основен суд Гостивар

Потврдувам дека
за Единство на турците Движење за Национално ул.Илинденска бр.52, Гостивар ЕМБС застапникот по закон Сарач Ердоган ул.ЈНА бр.176 Гостивар
во мое присуство своерачно го потпиша писменото,

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр. A1953634 Издадена од МВР Гостивар

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100.00 денари.

Број УЗП 5099/2020
Во Гостивар 26-10-2020

Нотар
ПРПАРИМ РЕЏЕПИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ПРПАРИМ
РЕЏЕПИ
ГОСТИВАР

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

• www.crm.com.mk •

# ОБРАЗЕЦ ЗАВЕРЕН ПОТПИС - ЗП

**ЕМБС** 6109799

**Фирма и седиште на субјектот на упис:**
Движење за Национално Единство на Турците (ДНЕТ), со седиште на ул. Мајор Чеде Филипоски бр.96 во Гостивар

**Заверени потписи на лицата овластени за застапување**

| Реден број | Презиме и име | ЕМБГ | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1. | Ердоган Сарач | 0805951473004 | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

Јас, НОТАР ПРПАРИМ РЕЦЕПИ
за подрачјето на Основен суд Гостивар

Потврдувам дека
Ердоган Сарач ул.ЈНА бр.176, Гостивар
во мое присуство своерачно го потпиша писменото,

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр. А1953634 Издадена од МВР Гостивар

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100.00 денари.

Број УЗП 5155/2020
Во Гостивар 28-10-2020

Нотар
ПРПАРИМ РЕЦЕПИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основен суд во
НОТАР
ПРПАРИМ РЕЦЕПИ
ГОСТИВАР

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
Оддел за регистрација на политички партии
ЕРПП бр. 94/2007
27.10.2020 година
С к о п ј е

# П О Т В Р Д А

Основниот граѓански суд Скопје потврдува дека политичката партија „Движење за национално единство на Турците" со скратено име ДНЕТ со седиште во Гостивар ул.„Мајор Чеде Филипоски" бр.96 како регистрирана политичка партија со 1000 членови е запишана во Единствениот судски регистар на политички партии при Основниот граѓански суд Скопје под ЕРПП бр. 94/2007.

Оваа политичка партија е усогласена со Законот за изменување и дополнување на Законот за политички партии (Службен весник на РМ бр.5/07, 8/07 и 5/08) и нејзината регистрација истекува на 24.08.2024 година.

Потврдата се издава на барање на политичката партија за учество на Предвремени локални избори 2020 година.

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ * GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP * Република Северна Македонија * Republika e Maqedonisë së Veriut

С у д и ј а,
Ирена Косталинова Ангелова

TMBH

**Türk Milli Birlik Hareketi**

Движење за национално единство на Турците

---

**До:** Централен Регистар на СРМ
Скопје
(Подрачна единица Гостивар)

**Предмет:** Одлука за бришење
Број: 201/12/НА

# ОДЛУКА

Врз основа на Изборниот законик за избор на председател на државата, пратеници, градоначалници и членови на совети на општини ве известуваме дека по учеството на локалните избори 2020 та година за Општина Пласница одржана на 13.12.2020, согласно званичните резултати на ДИК врз основа на горе споменатиот закон донесовме одлука за бришење на наменски отворената жиро сметка за изборни дејствија

Одлуката стапува на сила веднаш

Гостивар 24.12.2020

Ердоган Сарач
**Претседател**

**Во прилог ги доставуваме следните документи:**

-Пријава за упис на бришење на субјектите запишани во трговски регистар и регистарот на други лица

-Уплата од 1320,00 ден за Бришњето од ЦР на СРМ

-Потврда од УЈП за данок

- Потврда од Комерцијална Банка А.Д.Скопје за укинување на времената сметка.

Adres: sok. Leningradska br.2, 1230 Gostivar Tel/Fax: 042 221 303

# ПРИЈАВА ЗА УПИС НА БРИШЕЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ЗАПИШАНИ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

**Образец П**

**1. Подносител (податоци за лицето кое ја доставува пријавата)**

Презиме Сарач

Име Ердоган

ЕМБГ 0805951473004

Телефон 071 225 450

Улица ЈНА

Број 176 Влез Стан

Место ГОСТИВАР

Општина ГОСТИВАР

Држава РСМ

Својство на подносителот [X] Овластено лице [ ] Полномошник [ ] Друго

**2. Основни податоци на субјектот на упис**

ЕМБС 7464749

Број на регистарска влошка

**3. Фирма на субјектот на упис**

ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ " ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2020"

**4. Основ за бришење на субјектот на упис**

[X] Ликвидација [ ] Стечај [ ] Статусна промена [ ] Друго

**Кон пријавата за бришење приложувам:**

УПЛАТА ОД 1302,00 ден ЗА УПИС НА БРИШЕЊЕ
-ПОТВРДА ОД УЈП ЗА ДАНОК
-ПОТВРДА ОД БАНКА
- ОДЛУКА ЗА БРИШЕЊЕ

**Решението барам да се достави:**

[X] Лично на рака во Регистрационата канцеларија каде што е поднесена пријавата

[ ] По пошта на адреса ____________________

**Податоци за овластеното лице за поднесување на пријавата-застапник по закон:**

ЕМБГ 0805951473004

Презиме: САРАЧ

Име: ЕРДОГАН

За странски лица број на пасош или друга исправа за утврдување на идентитет важечка во нивната земја)

Место ГОСТИВАР 24.12.2020

М.П.

Потпис на овластеното лице

TMBH

Türk Milli Birlik Hareketi

Движење за национално единство на Турците

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Филијала Гостивар
Примено: 27.10.2020
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
14 - 2801 - 31142

До

Комерцијална Банка А.Д. Скопје

Филијала Гостивар

Предмет: Барање за отварање на трансакциска сметка за „предвремени локални избори 2020 година„

Број: 146/ЕС/20

Почитувани

Врз основа на Избирачкиот закон и одлуката на Претседателот на Собранието на СРМ од 02 октомври 2020 година со Решение број 09-3420/1 за распишување на „предвремени локални избори 2020 година„ бараме да отворите трансакциона сметка за правното лице-политичка партија: Движење за Национално Единство на Турците со седиште во Гостивар на Ул. Мајор Чеде Филипоски број 96 со назнака за **„предвремени локални избори 2020 година**. Согласно Избирачкиот закаон сметката ќе биде затворена по 60 дена од објавувањето на официјалните резултати од изборите од страна на ДИК.

Трансакционата сметка е потребно поради учество на партијата на претстојните предвремени локални избори за градоначалник на општина Пласница.

Со надеж дека благовремено ќе излезете во пресрет на нашето барање однапред ви се заблагодаруваме на соработката.

Со почит.

27 октомври 2020 год.

Гостивар

Ердоган САРАЧ

Претседател

Adres: sok. Leningradska br.2, 1230 Gostivar
www.tmbh.org.mk www.dnet.mk
Tel/Fax: 042 221 303
tmbh-2006@t-home.mk

Комерцијална банка
АД СКОПЈЕ
Филијала Гостивар

| Примено: 27.10.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредно |
| 14-2801-31142 | | | |

комерцијална банка ад скопје

# БАРАЊЕ
# ЗА ОТВОРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ЗА „ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ЗА 2020 ГОДИНА

| Назив на правно лице/физ. лице кое врши рег.дејност | ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ (ДНЕТ) | | |
|---|---|---|---|
| Матичен број | 6109799 | Даночен број | 4007006135020 |

300120000110671 37901

## 1. Потребни документи и обрасци:

**1.** Решение за упис во регистар, (Централен регистар) или
Акт од надлежен орган за основање на увид и копија од истиот документ која ја задржува Банката
**2.** ЗП на лица овластени за застапување **(заверен на нотар)**
**3.** Апликација за регистрација на клиент правно лице
**4.** Договор за отворање и водење на трансакциска сметка за вршење на платен промет во земјата (2 примероци)
**5.** Пријава на овластени лица за располагање со средства од сметка (2 примероци)
**6.** Пријава на овластени лица за подигање на извод, поднесување на налози за плаќање и/или подигање на готовина на сметка (2 примероци)
**7.** Барање за пренос на основачки влог (претходно уплатен на посебна сметка во Банка за основање на правно лице)
**8.** Лична исправа на основачи, овластени лица за застапување, овластени лица-потписници и овластени лица на ИД картички ( за странски државјани личната исправа да биде преведена од судски преведувач)

## 1. Останати документи за правни лица кои не се мигрирани во Банка:

**1.** Потврда дека сметката е пренесена од МФ УЈП делот за блокирани сметки
**2.** Изјава за прифаќање и реализација на акцептни налози издадени заклучно со 31 јуни 2001 година на товар на имател на сметка

**Се обврзуваме дека согласно одредбите од Законот за платен промет редовно ќе ве известуваме за измените во приложените документи.**
**Барањето се поднесува по предходно прифаќање на Општите услови за отварање и водење на трансакциска сметка, Одлуката за каматни стапки и Тарифата за надоместоци на услуги што ги врши Банката објавени на web страната на Банката.**

Место: Гостивар и датум 28 / 10 / 2020 година.

**Го овластувам лицето** НАГИЈАЖ АБДУЛИ **со ЕМБГ** 1608995042R0009 **да ги поднесе/подигне документите за отварање на трансакциска сметка**

ЕРДОГАН САРАЧ

(име и презиме на овластено лице за застапување)

(печат и потпис на овластено лице за застапување)

Движење за национално единство на Турците / Türk Milli Birlik Hareketi / Gostivar / Гостивар

Потврда за прием во Банката

**КБС 1/1100**

## ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

• www.crm.com.mk •

# ПРИЈАВА ЗА УПИС НА ОСНОВАЊЕ НА СУБЈЕКТ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

**Образец ПО**

1. Подносител (податоци за лицето кое ја доставува пријавата)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Презиме | САРАЧ | | Име | ЕРДОГАН | |
| ЕМБГ | 0805951473004 | | Телефон | 071 225 450 | |
| Улица | JNA | Број 176 | Влез | Стан | |
| Место | ГОСТИВАР | Општина Гостивар | Држава С Р М | | |
| Својство на подносителот | [X] Овластено лице | [ ] Полномошник | [ ] Друго | | |

2.1 Вид на субјект на упис во трговски регистар

- [ ] Трговец-поединец
- [ ] ДООЕЛ
- [ ] ДОО
- [ ] Јавно трговско друштво
- [ ] Акционерско друштво
- [ ] Командитно друштво
- [ ] Командитно друштво со акции
- [ ] Стопанска интересна заедница
- [ ] Подружница на странски субјект
- [X] Друго____________

2.2 Вид на субјект на упис во регистарот на други правни лица

- [ ] Установа
- [ ] Фонд
- [ ] Друго____________
- [ ] Задруга
- [ ] Водна заедница
- [ ] Комора
- [ ] Водостопанство

3. Фирма на субјектот на упис

Предвремени избори за градоначалник на Општина Пласница 2020год за политичка партија :

ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ (ДНЕТ)

4. Скратен назив на субјектот на упис

ДНЕТ

| 5.1 Акт за основање | 5.2 Времетраење на друштвото |
|---|---|
| ПРЕД ВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2020 | [ ] Неограничено [X] Ограничено до:__________ |

6. Седиште на субјектот на упис

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина | ГОСТИВАР | Место: | | | |
| Улица | МАЈОР ЧЕДЕ ФИЛИПОСКИ | Број: 96 | Влез: | Стан: | |

# ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ПРОКУРИСТИ И ПОДРУЖНИЦИ

**Прокурист**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Презиме | | Име | |
| ЕМБГ/Идентификационен број | | | |
| Улица | Број | Влез | Стан |
| Место | Општина | Држава | |

Вид на прокура: ☐ Поединечна ☐ Групна

Ограничувања:

☐ Со ограничувања ☐ Без ограничувања

**Подружница**

Назив на подружницата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Улица | Број | Влез | Стан |
| Место | Општина | | |
| Држава | | | |
| Претежна дејност по предлог на субјектот на упис (шифра и назив) | | | |

Лице овластено за застапување

| | | | |
|---|---|---|---|
| Презиме | Име | | |
| ЕМБГ/Идентификационен број | Телефон | | |
| Улица | Број | Влез | Стан |
| Место | Општина | | |
| Држава | | | |

**9.1 Орган на застапување, управување и надзор-трговски регистар**

| | | |
|---|---|---|
| ☐ Трговец-поединец | ☐ Управен Одбор | **Својство:** ☒ Претседател |
| ☐ Управител (и) | ☐ Надзорен Одбор | ☐ Член |
| ☐ Содружник на ЈТД | ☐ Одбор на директори | ☐ Независен член |
| ☐ Комплементар | ☐ Други________ | ☐ Неизвршен член |
| | | ☐ Извршен член |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко лице ☐ | | Правно лице ☐ | | |
| ЕМБГ/ЕМБС | | Занимање: (Само за физички лица) | | |
| Физичко лице | Презиме | Име | | |
| Правно лице /Фирма | | | | |
| Улица | | Број | Влез | Стан |
| Место | Општина | Држава | | |

**Овластување за застапување:** ☐ Неограничено ☐ Ограничено: (Впиши го ограничувањето)

* (За странски лица број на пасош, лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет важечка во нивната земја)

**9.2 Орган на застапување, управување и надзор-регистар на други правни лица**

| | | |
|---|---|---|
| ☐ Директор | ☐ Управен Одбор | ☐ Орган на надзор |
| ☒ Друго________ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко лице ☒ | | Правно лице ☐ | | |
| ЕМБГ/ЕМБС | 0805951473004 | Занимање: (Само за физички лица) | | |
| Физичко лице | Презиме Сарач | Име Ердоган | | |
| Правно лице /Фирма | ДНЕТ за предвремени локални избори 2020 | | | |
| Улица | Јна | Број 176 | Влез | Стан |
| Место | Гостивар | Општина Гостивар | Држава СРМ | |

**Овластување за застапување:** ☐ Неограничено ☐ Ограничено: (Впиши го ограничувањето)

* (За странски лица број на пасош, лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет важечка во нивната земја)

☐ Означете го полето доколку има дополнителни страни и наведете ја следната страна: Страна број ____

**Образец ПО**

**5. Претежна дејност по предлог на субјектот на упис**

Шифра: 94.92 Назив: дејности на политички организации

**16. Избор на банка во која се отвора првата сметка**

Комерцијална Банка ад Скопје

**17. Доброволна регистрација на ДДВ обврзник**

Да ☐ Не ☐

**18. Други податоци**

Телефон: 071 25 450

Факс:

Интернет адреса: tmbh-2006@t.mk

E-mail адреса: tmbh-2006@t.mk

**Кон пријавата за упис приложувам:**

- [X] ЗП Образец
- [ ] Изјава согласно член 29 од ЗТД
- [ ] Изјава дека не е изречена забрана за вршење на некоја од дејностите определени со ЗТД
- [ ] Акт за основање
- [ ] Дозвола
- [ ] Доказ за сопственост
- [ ] Доказ за уплатена основна главница
- [X] Фотокопија од документ за идентификација
- [ ] Статут
- [ ] Одобрение од надлежен орган
- [ ] Друго________________
- [ ] Друго________________
- [ ] Друго________________
- [ ] Друго________________
- [ ] Изјава согласно член 32 од ЗТД
- [ ] Извештај од проценувач
- [ ] Одлука за избор на управител
- [ ] Изјава на управителот дека го прифаќа изборот
- [ ] Одлука за избор на член на надзорен орган
- [ ] Одлука за избор на контролор
- [ ] Одлука за избор на орган на управување
- [X] Доказ за уплатен надоместок согласно Тарифа
- [ ] Записник од Собрание
- [ ] Друго________________
- [ ] Друго________________
- [ ] Друго________________
- [ ] Друго________________
- [ ] Друго________________

**Решението барам да се достави:**

- [X] Лично на рака во Регистрационата канцеларија каде што е поднесена пријавата
- [ ] По пошта на адреса ________________

**Податоци за овластеното лице за поднесување на пријавата-застапник по закон:**

ЕМБГ 0805951470004

Презиме: Сарач Име: Ердоган

* (За странски лица број на пасош, лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет важечка во нивната земја)

Место Гостивар

Датум 28.10.2020

Потпис на овластеното лице

Одговор
на Забелешките на Нацрт извештајот за извршена ревизија на
Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите
и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на
сметката на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ)

На ден 27.07.2021 година, добиен е одговор на Нацрт извештајот за извршената ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ), за периодот од 21.11.2020 до 29.12.2020 година, од Ердоган Сарач, претседател на политичката партија Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ), број 148/ЕС/21 од 23.07.2021 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-153/8 од 27.07.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката која се однесува на отворање на жиро сметка со назнака „за изборна кампања", **не се прифаќа**, поради тоа што Овластениот државен ревизор во Нацрт извештајот за извршената ревизија нема констатирано неправилности поврзани со отворањето на трансакциската сметка за потребите на изборната кампања. Имено, дополнително доставената документација која се однесува за отворањето на трансакциската сметка со назнака за "изборна кампања", ревизијата ја имаше во предвид при вршењето на ревизијата.

   Истакнуваме дека овластениот државен ревизор во точка 3.1.1. од Нацрт извештајот има констатирано состојба која се однесува на тоа дека Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) се има упишано во Централен регистар на РСМ и има обезбедено ЕДБ од надлежниот орган, без назнака за "изборна кампања", состојба која е потврдена со увид во Решение од Централниот регистар на РСМ, со деловоден број 30120200014945 од 30.10.2020 година.